**ИЗВАДОК од ЗАПИСНИКОТ**
**од седницата на**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**
одржана на 24.12.2019 година (14:00 часот)

**Дневен ред на Седницата:**

1. Усвојување на Записник од претходната (3-та) седница на Советот,
2. Усвојување на Предлог-Деловник за работа на Советот,
3. Избор на Потпретседател и Секретар на Советот,
4. Процедура и термин-план за доделување на Национална награда за БЗР,
5. Актуелни теми и информации
6. Разно

**1. Записникот од 3-тата седница на Советот беше едногласно усвоен.**

**2. Усвојување на Предлог-Деловник за работа на Советот за безбедност и здравје при работа**

Беше донесен заклучок, по седницата Деловникот за работа на Советот за БЗР да се надополни со предлозите и корекциите за кои се постигна согласност и новиот текст да се испрати по e-mail до сите членови да го разгледаат и истиот да се усвои по електронски пат.

**3. Избор на Потпретседател и Секретар на Советот**

Во рамките на оваа точка, беа предложени и едногласно избрани:

- Димитар Наумов (претставник од работодавачите) - за Потпретседател на Советот, и
- Дарко Дочински (претставник од ВРСМ) - за Секретар на Советот

**4. Процедура и термин-план за доделување Национална награда за безбедност и здравје при работа**

Во рамките на овој дел се заклучи,

- следната година целата процедура за доделување на признание на компании со најдобра пракса да отпочне порано (објавување на повик - крај на јануари; поднесување на апликации - до почеток на март, март/април – посети на компании, оценување и рангирање);
- комисиите за оценка да бидат составени само од стручни лица за БР и лекари специјалисти по медицина на трудот. Стручните лица за БР од компаниите кои аплицираат за наградата немаат право да бидат членови на комисиите.

**5. Актуелни теми и информации**

Се заклучи Советот да достави предлог до Државниот инспекторат за труд, да се изработи и постави електронска пријава за случени несреќи/повреди при работа, која ќе може да се пополнува и испраќа директно на web-страната на ДИТ, со што ќе се овозможи генерирање на различни извештаи, прегледи и сл.

**6. Разно**

Во рамките на оваа точка беа презентирани и дискутирани неколку прашања:

- Иницијативата поднесена од МЗЗПР до МТСП за обезбедување на фонд на средства кои би се користеле за ангажирање на стручни лица/експерти за анализа и истражување на причините за случени несреќи при работа, со цел да се извлечат искуства, поуки и да евентуално, врз основа на тоа, се генерираат одредени препораки или упатства за избегнување на такви и слични несреќи во иднина.
- Претставникот од МТСП ги информираше присутните за тоа дека Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручни работи, после подолг период на консултации и усогласувања со различните страни и субјекти, е веќе во финална фаза и истиот во најскоро време ќе биде даден на објавување во Службен весник.

- Информирање на членовите на Советот за два нови проекти на МЗЗПР кофинансирани со средства од ЕУ. Едниот – регионален, со фокус на Советите за БЗР во земјите од регионот и соработка и размена на искуства, поддршка за нивно формирање во земјите каде сеуште ги нема, додека вториот проект се однесува на институционална поддршка.

Претседател на Советот за БЗР
*Проф. Д-р Јасмина Чалоска*